IT-04-82-PT
D 2-1 / 100270 QUATER
23 November 2006

2/100270 quater
TEG.

ОБЕДИНЕТИ
НАЦИИ

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- ПТ

Датум: 21. ноември 2006

Оригинал: англиски

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

Судија: Судија Кимберли Прост, Претпретресен судија

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на поднесување: 21. ноември 2006

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

# НАЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДАТУМ

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г. Анеес Ахмед

**Бранители на Обвинетите:**

г-ѓа. Едина Решидовиќ за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

1/ Izvorno francuski

**ЈАС, Кимберли Прост,** судија на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд);

**СО ОГЛЕД НА** Налогот од Судскиот совет II со датум од 4. јули 2006, со кој сум назначена за претпретресен судија за овој предмет;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** правило 65 *bis* (А) од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот: Правилник), според кое треба да се одржи статутна конференција во рок од сто и дваесет дена од одржувањето на последната статутна конференција, со цел да се обезбеди експедитивна подготовка за судскиот претрес, да се преиспита статусот на предметот и да му се даде можност на Обвинетиот да покрене одредени прашања во врска со тоа;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека последната статутна конференција за овој предмет е одржана на 16. август 2006;

**СО ОВА ЗАКАЖУВАМ** статусна конференција за вторник, 12. декември 2006 во 8.00 часот наутро во Судската сала III.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 21. ноември 2006,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)
**Судија Кимберли Прост**
**Претпретресен судија**

**[Печат на Меѓународниот суд]**